**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**Број 07- 4539/1**
**25.03 2010 година**
**Скопје**

Врз основа на член 69 од Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 127/06 и 114/09), а согласно Правилникот за поблиските критериуми за просторните, техничките уреди, како и формата и содржината на сертификатот за подготвеност за сообраќај на возилата („Службен весник на Република Македонија“ број 60/07 и 86/07), министерот за транспорт и врски го донесе следното

## О В Л А С Т У В А Њ Е
## за издавање на сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата

1. Се овластува Друштвото за внатрешен и надворешен промет АМСМ УСЛУГИ – ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, да издава Сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата на испитно место Скопје-Чаир.
2. Ова овластување се донесува врз основа на исполнување на пропишаните поблиски критериуми кои ги исполнуваат просторните и техничките уреди за вршење на проверка и испитување на возилата предвидени со Правилникот за поблиските критериуми за просторните, техничките уреди, како и формата и содржината на сертификатот за подготвеност за сообраќај на возилата („Службен весник на Република Македонија“ број 60/07 и 86/07), и согласно Записникот од Комисијата за разгледување на барањето за овластување на правно лице за издавање на сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата составен на ден 16.03.2010 година.
3. Со издавањето на ова овластување престанува да важи овластувањето бр. 07-15362 од 24.12.2009 година.

**МИНИСТЕР**
**Миле Јанакиески с.р.**

Република Македонија Министерство за транспорт и врски Скопје

Достава на:
- АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА, Скопје
- Сектор за патен сообраќај и инфраструктура
- Архива

Улица "Црвена скопска општина "број 4, 1000 Скопје, http://www.mtc.gov.mk, info@mtc.gov.mk
телефон :+389 (0)2 3112 735, факс: +389 (0)2 3 230 877